# Препораки за Интернет конекција во ПЗУ

Почитувани корисници,

Во последно време има повеќе прашања околу тоа каква Интернет конекција да се обезбеди во приватната здравствена установа?

Најпрво да Ве информираме дека сеуште не е неопходна Интернет конекција за работа во ординацијата. Електронската здравствена картичка сеуште не е имплементирана и сеуште не се знае кога ке стартува. Во согласност со тоа, доколку Интернет не Вие потребен за нешто друго, во моментот не треба и да го приклучите, со што ќе избегнете дополнителни трошоци.

**Доколку сепак сакате да приклучите Интернет, еве некои корисни препораки:**

- Доколку сте концесионер во Здравствен дом, најдобро е со повеќе ординации да се договорите и да приклучите една Интернет конекција која меѓусебно ќе ја поделите со Рутер. На тој начин ќе ги поделите и трошоците за Интернет конекцијата. Истата препорака важи и за ПЗУ кои не се концесионери а во близина имаат други ординации.
- Кабловските оператори нудат квалитетен и евтин Интернет. Цената за Интернет конекција и кабловска телевизија (која и немора да се користи) изнесува околу 500 денари со пресметан ДДВ. Повеќето кабловски оператори нудат и фиксен телефонски приклучок за кој не се плаќа никаква претплата, а се плаќаат само направени трошоци за разговори. Контактирајте го кабловскиот оператор во Вашиот град и сигурно ќе добиете поволна понуда.
- Неотел, исто така нуди квалитетен Интернет преку WiMAX мрежа. Цената на најевтиниот пакет изнесува 590 денари со пресметан ДДВ и истиот потполно ќе ги задоволи Вашите потреби.
- Внимавајте на понуди во кои наводно се добиваат бесплатни работи, а потоа преку договор за неколку години (кој ако се раскине предвремено се плаќаат високи пенали) и неколку кратно повисоки месечни цени за понудените услуги во однос на конкуренцијата, скапо се наплатуваат бесплатните подароци.